РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 22. 09. 2011 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 3603/1 | | |

0706
ТРАЈКО
22.09.11

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11 и 51/11), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **ликовно образование** за IV одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен слух.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ОШТЕТЕН СЛУХ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

IV ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2011

# 1. ЦЕЛИ НА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД IV ДО VI ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да ги развива способностите за непосредно набљудување и воочување на особеностите на формите, линиите, боите, пропорциите, взаемниот однос на деловите (конструктивни компоненти), на предметите и другите визуелни појави во природата;
- да ги развива способностите за компонирање на ликовните елементи и формирање на естетска целина;
- да се оспособува самостојно да расудува, заклучува и логичко да ги применува искуства и сознанијата;
- да ја развива свеста за примената на естетиката во уредувањето на просторот за живеење, меѓусебната комуникација и примена на уметноста во производството;
- да ја проширува ликовната писменост и да ги развива креативните способности преку решавање на ликовни проблеми;
- да го развива визуелното мислење преку практична и теоретска работа;
- да се воведува во системот на визуелни знаци присутни во општествениот живот (сообраќајни знаци, амблем и сл.);
- да се оспособува за ликовна работа по природа, фантазија, тематска работа;
- да развива осет за боја, линија, форма, форма во простор, единство во композиција;
- да формирање навики за индивидуален творечки однос во рамките на ликовната работа и други активности во живот;
- да ги развива способностите за истражување и флексибилна примена на нови ликовни материјали и постапки за работа и стекнување технолошки искуства;
- да формира работни навики и способност за организација на работниот процес: планирање, проектирање, творештво и валоризација на резултатите;
- да го развива интересот кон ликовното творештво и да се оспособува ликовните и естетските искуства да ги применува во учењето, општествениот живот и работата;
- да се поттикнува да се грижи за природата и уредувањето на непосредната околина;
- да се запознае со ликовни дела од познати мајстори и со компонентите на ликовните дела и да изградува ликовен критериум;
- да ги поврзува ликовните сознанија и активности со содржините на другите наставни програми;
- да се поттикнува да се грижи за културното наследство на Република Македонија;
- да се оспособува за истражување, комбинирање и креирање со компјутер.

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО IV ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да запознава и да користи нови поими и термини од ликовната уметност;
- да користи разни ликовни материјали и да ги усовршува техники за цртање, сликање, обликување во просторот моделирање, графика, визуелни комуникации и дизајнот во ликовното изразување;
- да ги изразува самостојно и слободно своите сознанија, чувства, доживувања и впечатоци, мисли и фантазија со помош на ликовниот јазик и творештво;
- да ја развива способноста за едноставно аналитичко набљудување и да забележува слични и разновидни форми во природата и ликовните дела;
- да забележува богатство на линии и нивниот соодное, како и да ги применува;
- да ги проширува сознанијата за боите и нивните основни колористички односи;
- да ја развива способноста за проценка на просторот (надворешен, внатрешен, природен, функционален);
- да се оспособува да компонира ликовни елементи (линија, форма, боја, волумен, површина) и да формира естетска целина;
- да се оспособи реално да ја доживее средината околу себе и да се ориентира во микро и макропросторот;
- да се поттикнува да направи избор на идеја, активност и соодветни средства и да состави ликовна творба;
- да се поттикнува вербално да објаснува ученичка ликовна творба или уметничко дело;
- да се поттикнува на сопствена естетска проценка;
- да прави разлика на уметнички дела од различни ликовни подрачја (цртеж, слика и др.);
- да ги применува стекнатите знаења и вештини за ликовно изразување, како и да ги негува хигиено-техничките и работните навики;
- да гради позитивен однос кон културното наследство од различни етнички заедници;
- да ги препознава визуелните медиуми и да умее да ја користи компјутерската техника за ликовно изразување;
- преку ликовно творештво да се ослободува од стрес;
- да се оспособи за правилна примена на аудитивните, визуелните и тактилните информации во ликовното изразување;
- да се оспособи за правилна примена на екстремитетите и останатите делови од телото (во случај на дисфункција и/или инвалидност) за непречено ликовно изразување.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ЦРТАЊЕ | | | (ориентационо 18 часа) |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>➢ да ја развива перцепцијата и да увидува разлики во природниот простор (езеро планина, ливада-улица);<br>➢ да набљудува и препознава функционален простор (училница, соба, кутија, торба и сл.);<br>➢ да воочува и споредува целина и детаљ;<br>➢ да развива поголема визуелна осетливост;<br>➢ да воочува ритам во природата и да го применува во цртежот;<br>➢ да забележува светло и сенка и со сенчење да ја претставува сенката на предметите;<br>➢ да ја развива креативноста и умешноста во изразувањето со користење на линии со различен карактер и густина;<br>➢ да забележува визуелно и тактилно разлики на текстура во природата (мазно-рапаво, тврдо-меко, бодливо);<br>➢ да претставува со цртање видови текстури;<br>➢ да препознава сличности кај разнородни и разлики кај истородни облици; | Средства за цртање и нивната употреба<br><br>Ликовни елементи во цртањето<br><br>Цртање<br><br>Естетско проценување | Природен простор<br><br>Функционален простор<br><br>Светло-сенка (повторување)<br><br>Густина на линии<br><br>Контура (повторување)<br><br>Детаљ (повторување)<br><br>Ритам (повторување)<br><br>Насока<br><br>Површина<br><br>Симетрија<br><br>Асиметрија<br><br>Текстура<br><br>Лавиран туш<br><br>Бајц | o Набљудување (директно или преку фотографии или други визуелни, средства) на природен простор: езеро, планина, улица, шума, водопад и др. и воочување на разлики во длабочината и ширината на просторот;<br>o набљудување на функционален простор: куќа, училиште, соба, кутија, торба и воочување на разликите во однос на природниот простор;<br>o со тенка четка, монохромно (бајц,туш, темпера, водни бои и др.) црта линии со различна дебелина, интензитет, прецизност, насока (моето училиште, училишен двор,мојата соба, мојот дом);<br>o ги набљудува промените на изгледот на предметите: светло-сенка при различно осветлување и со сенчење ликовно да ги претстави;<br>o црта мотиви од непосредната околина кои овозможуваат примена на линијата како текстура, контура (пр. старо дрво);<br>o набљудува и допира предмети и површина со разновидна текстура (кора од дрво, пластика, крзно, еж, почва, трева) и преку разновидни линии истите да ги прикажува на својот цртеж;<br><br>o црта луѓе и животни во група |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ➢ да перцепира разновидност на облици, форми, големини, симетрија и асиметрија во природата;<br>➢ да стекнува елементарни знаења за симетријата и истата да ја применува во цртежот;<br>➢ да се оспособува за визуелното и тактилното помнење и истото да го користи за креативно изразување и компонирање во ликовна целина;<br>➢ да ја користи фантазијата за ликовно изразување на на слушаната музика (од акустички во ликовен симбол). | | | (спортисти, играорци, јато птици и др.); случки од секојдневниот живот (роденден, свадба, циркус, приредба); природа во различни годишни времиња, природни појави;<br>o симетрични форми (пеперутка, вазна, шише, анфас и др.) и асиметрични форми (профил, животно, возило...). |

| СЛИКАЊЕ (ориентационо 30 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>➢ да знае да ги користи соодветно подлогите, приборот и сликарските материјали;<br>➢ да воочува односи на бои и тонови како и да создава претстава за колористички појави во природата и уметничките дела;<br>➢ да воочува и препознава ахроматски и хроматски бои;<br>➢ да препознава и да применува бои;<br>➢ да ги препознава и применува тонови (хроматски и комплементарните парови: зелено-црвено, жолто-виолетово, портокалово-сино;<br>➢ да врши во сликањето синтеза на детали;<br>➢ да ги комбинира ликовните техники;<br>➢ да комбинира бои, форми и големини. | Основни средства за сликање и нивна употреба<br><br>Ликовни елементи во сликањето<br><br>Естетско проценување<br><br>Колаж<br><br>Сликање | Хроматински и ахроматински бои<br><br>Градација на тонови и бои<br><br>Комплементарни парови, и комплементарен контраст<br><br>Гваш | o Користи разновидни постапки и техники во сликањето (капење, гребење, прскање, гмечење, месење и др.);<br>o слика пејзаж со основни и изведени бои<br>o слика со ахроматски бои;<br>o слика/моделира со ладни или топли бои (разни декорирани предмети);<br>o ја слика природата со ладни и топли бои (ливада, цветови и др.);<br>o слика со контрасни бои;<br>o изразува, претствува контраст (светло-темно);<br>o меша бои и слика со нив по сопствена замисла;<br>o во природата ја забележува тонската градација, споредува и забележува разлики во тонот (светол, темен, најтемен, најсветол тон);<br>o слика по доживено;<br>o слика по фантазија;<br>o посетува ликовна изложба, ателје и се запознава со оригинални дела и со репродукции. |

| ОБЛИКУВАЊЕ ВО ПРОСТОРОТ, МОДЕЛИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ (ориентационо 10 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ ученичката:**<br>➢ да умее фокусирано да набљудува, истражува и воочува визуелни разлики и волумени на истородни и на разнородни форми;<br>➢ да се оспособува да ја забележува тридимензионалноста на предметите во просторот;<br>➢ да се поттикнува да обликува тридимензионална фигура;<br>➢ да диференцира (разликува) различни пропорции: големо-мало, цело-детаљ;<br>➢ да ги усовршува и користи при моделирањето разните постапки на работа;<br>➢ да воочува и препознава и да користи симетрија или асиметрија;<br>➢ да ја усовршува умешноста за користење материјали за тридимензионално обли-кување и приобликувањето да применува разни постапки (кинење, лепење, составување, врзување;<br>➢ да забележува елементарни ликовни карактеристики на релјеф, скулптура. | Основни средства за моделирање<br><br>Ликовни елементи во моделирањето<br><br>Моделирање<br><br>Основни сретства за градење<br><br>Ликовни елементи во градењето<br><br>Градење<br><br>Естетско проценување | Композиција<br><br>Симетрија<br><br>Асиметрија<br><br>Релјеф<br><br>Скулптура | o Активности за разликување и моделирање фигури со различни пропорции: големо-мало, цело-детал;<br>o моделирање фигура на човек (фудбалер, тенисер, играорец, балерина, ковач);<br>o моделира животни и прикажува според реални односи и пропорции и поголем број на детали;<br>o моделирање разни постапки на додавање, одземање, длабење, гребење, перфорирање и цртање;<br>o моделирање и компонирање геометриско тело и слободен волумен (човек седнат на коцка);<br>o користи отпадни материјали за ликовно изразување, составува, лепи и др. (прави макети на град, сообраќај, возила, архитектура);<br>o со компонирање на готови форми (делови од предмети) да создава сложена композиција во простор - асамблаж;<br>o да забележува детали, движење, текстура, линии, волумен боја;<br>o посетува споменик, визуелно и тактилно анализира (скулптура, биста, релјеф, фонтана). |

| ГРАФИКА (ориентационо 6 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот / ученичката:**<br>➢ да се оспособува во природата да воочува контраст: светло-темно, применува во графиките;<br>➢ да споредува темни линии и плоштини на бела хартија и бели линии и плоштини на црна хартија;<br>➢ да стекнува елементарни знаења за графиката како ликовно подрачје;<br>➢ да се запознае со поимите позитив и негатив;<br>➢ да умее самостојно да печати, да изработува картон печати и да печати;<br>➢ да манипулира со ваљак и да знае да печати;<br>➢ да создава со печатењето дезени, шари и истите да ги користи во дизајнот. | Поим за графика<br><br>Основни материјали за печатење<br><br>Ликовни елементи во печатењето<br><br>Печатење<br><br>Естетско проценување | Графика<br><br>Матрица<br><br>Графички лист-отпечаток<br><br>Монотипија<br><br>Картон печат<br>- позитив<br>- негатив | o Набљудување на околината и забележување: светло-сенка, темно-светло, црно-бело;<br>o изразување контраст со форми исечени од црн колаж кои ги лепи на бела хартија и форми исечени од бел колажлепи на црн хамер;<br>o печатење монотипија при што креативно применува линии, плоштини користејки една или две бои;<br>o изработување матрица (шаблон) за картон печат и самостојно печати;<br>o отпечатување монотипија на платно. |

| ДИЗАЈН И ВИЗУЕЛНИ КОМУНИКАЦИИ (ориентационо 8 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот / ученичката:**<br><br>➢ да ја открива улогата на визуелните комуникации и дизајнот во комуникацијата помеѓу луѓето во секојдневниот живот;<br>➢ да стекнува знаења дека преку визуелните и елетронските медиуми можат да се стекнат нови знаења;<br>➢ да ја осознае улогата печатените медиуми и графичкиот дизајн;<br>➢ да ја воочи естетската примена на предметите за секојдневна употреба;<br>➢ да ја осознае улогата на спотот, рекламата и дизајнот во маркетингот;<br>➢ да ги воочува елементите на рекламите (боите, буквите, знаците, симболите, пораката);<br>➢ да ги воочува ликовните содржини, знаци и симболи во печатените средства (учебници, списанија, плакати и сл.). | Дизајн<br><br>Ликовни елементи во дизајнот<br><br>Визуелни комуникации<br><br>Естетско врднување | Фотографија<br><br>o<br>Спот<br><br>Реклама<br><br>Илустрација<br><br>Корица<br><br>Интернет<br><br>Стрип<br><br>Визуелен знак | Активности<br><br>o разгледување фотографии со различна содржина, разгледување на реклами во пишаните медиуми и откривање на информацијата која тие ја пренесуваат;<br>o правење нацрт за плакат и покана за патронен празник на училиштето: изработување на украси, честитки, накит-преку постапки на лепење, врзување, составување и др. им ја менува првобитната функција на предметите;<br>o продажба на ракотворбите на организирани манифестации;<br>o изработување идејно решение за корица на учебник. |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставните содржини од предметот ликовно образование даваат можност за интегрирано целно и содржинско поврзување со наставните предмети: мајчин јазик, математика, англиски јазик, запознавање на околината, музичко и физичко и здравствено образование. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности.

За успешност на учениците по предметот ликовно образование наставникот треба постојано да врши компарација, да употребува специфични наставни средства и помагала со цел она што е тема за работа на часот тој претходно да го има изготвено. Наставникот во својата работа треба повеќе да ги носи учениците во природа каде преку сите сетила ( со исклучок на слухот) ќе ја почувствуваат природата.

Несомнена е потребата од корелирање на овој предмет со останатите, а како резултат на спецификите во работата со учениците со оштетен слух, неизбежно е да се истакне и примената на психомоторната реедукација при изведување на активностите по предметот ликовно образование, со посебен акцент на поттикнување и развој на фината моторика.

При изведување на наставните содржини по предметот ликовно образование, наставникот треба да го мотивира секој ученик, да ја поттикнува и развива неговата фантазија, да го збогатува речникот со нови поими, да го развива и поттикнува чувството за естетика, да организира изложби итн.

Годишен фонд на часови

| | ТЕМИ | Број на часови |
|---|---|---|
| 1. | Цртање | 18 часа |
| 2. | Сликање | 30 часа |
| 3. | Обликување во просторот, моделирање и градење | 10 часа |
| 4. | Графика | 6 часа |
| 5. | Дизајн и визуелни комуникации | 8 часа |
| Вкупно: | | 72 часа |

* Забелешка: Бројот на часовите е даден ориентационо.

- **Наставни средства:**
- разни извори на учење од непосредната околина (предмети во природата и околината);
- дидактички средства и материјали;
- визуелни средства (предмети од непосредната околина, репродукции, детски творби, апликации и сл.);
- слајдови, сликовници, списанија и сл.;
- аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД-плеер, видео-плеер, дигитален фотоапарат, дигитална камера, компјутер и други средства зависно од предметот).
- Интернет, образовни софтвери.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за ликовно творење, колективната соработка и сл. (формативно оценување).
Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето.

**Описно оценување**:

- опсервација на ученикот;
- разговор како начин на изразување;
- вербално опишување на сопствениот цртеж;
- степен на совладување на ликовните техники;
- индивидуални креативни способности;
- учество и изведба на ликовна творба;
- воочување и препознавање на разни предмети од непосредната околина и применување во ликовното творештво;
- презентација на ликовните ученички творби;
- креативно изразување и творење во ликовните техники;
- препознавање на ликовни техники и материјали;
- активно учество во тимската работа и др.

**ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ**

Во текот на наставата се препорачува формативно следење кое ќе овозможи формирање на објективни описи како повратна информација за постигањата на учениците во определен временски период. Формативното следење на постигањата на учениците наставникот може да го реализира со користење на соодветни методи и постапки:

- Разговори наставник/ученик
- Усни презентации
- Домашни работи
- Портфолио - собирање на показатели (детски кзработки, творби, искази и сл.) за секој ученик посебно;
- Портфолиото треба, во текот на целата година, да им е достапно на родителите за да можат да придонесат во квалитетната реализација на наставата.
- Портфолиото на ученикот со прочистени и селектирани податоци продолжува во наредното, повисоко одделение.

Добиените резултати од следењето на постигањата на учениците овозможуваат креирање на планирани усни и пишани повратни информации кои во форма на креирани описи се наменети за учениците, за родителите и за самите наставници.

- На крајот од секое тримесечје, врз основа на сознанијата од формативното оценување, се реализира микросумативно оценување од чиишто резултати се оформуваат тримесечните описни вреднувања за постигањата на учениците.

СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ – Врз основа на целокупните податоци добиени од следењето, проверката на постигањата на учениците во текот на реализацијата наставната програма наставникот ја констатира (опишува) развојната состојба на секој ученик поединечно, во рамките на секое програмско подрачје.
Од формираните сумативните описни оценки формулирани за секој ученик посебно раководејќи се од поставените нивоа на постигања во тек определени временски периоди наставникот на крај од учебната година внесува соодветни нумерички оценки.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор за I, II III и IV одделение и на наставните средства за IV одделение донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по ликовно образование за четврто одделение може да ја реализира лице кое завршило:
- Филозофски факултет-Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог,
- дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование

**Изготвил:** работна група,
координатор Марија Симонова, советник во Бирото за развој на образованието-Скопје
**Одобрил:** м-р Митко Чешларов, раководител на Сектор во Бирото за развој на образованието-Скопје

## 8. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по **ликовно образование** за четврто одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен слух, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-4432/45
19.08 2011 год.
СКОПЈЕ

на ден ------------------------------------------

Скопје

Министер,

______________________________

м-р Панче Кралев